**ЗАПИСНИК**
**од 4-та седница на Советот**
**одржана на 27.02.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Стефаноски, проф. д-р Томе Груевски, Бранко Радовановиќ, акад. Али Алиу, акад. Бојан Шоптрајанов, Столе Наумов, м-р Борис Арсов, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Методи Стоименовски.

**Отсутни членови на Совет:** м-р Милаим Фетаи (оправдано отсутен), м-р Зоран Трајчевски (оправдано отсутен), м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Борче Маневски, Огнен Неделковски, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Арџент Џелили, Милаим Абдураими, Магдалена Давидовска – Довлева, Симона Темелкова, и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Присутни новинари:** Соња Казиоска од Дневник и Максим Ристески од Капитал.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски ја отвори 4-та седница на Советот за радиодифузија. За дополнување на Дневниот ред предложи неколку точки под Разно, кои се однесуваа на: Распишување Конкурс за слободни работни места: Архивар, Соработник во Сектор за правни работи, соработник во Сектор за истражување и долгорочен развој, техничар во Сектор за технологии и информатика; Преземање активности во врска со прелиминарниот извештај презентиран на состанокот со претставниците на Државниот завод за ревизија, одржан на 24.02.2012 година; Информација за подготовките на СЕЕНРА; Извештај од уеството на состанокот на управниот и извршниот одбор на проектот “SEE DigiTV” во Загреб одржан на 20 и 21 февруари 2012 година во Загреб, од м-р Зоран Трајчевски, член на СРД, Лазо Петрушевски, член на СРД, м-р Андриана Скерлев Чакар, Раководител на стручната служба на СРД и м-р Борче Маневски, Раководител на секторот за меѓународна и европска соработка и односи со јавноста; Номинирање лице од СРД за следење на реализацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2011 – 2015 година и Предлог за Измена на Планот за јавни набавки на СРД за 2012 година во делот на Точка 38 (Истражување: Национална анализа на нивото на јавната свест за улогата на DSO (во рамките на проектот SEE Digi TV 2012 година).

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, предложи од 4-та до 16-та точка, (точки кои се однесуваа на извештаи од мониторинг на ТВ Стар, ТВ Ирис, ТВ Канал Вис, ТВ Тиквешија, ТВ Интел, ТВ Нова, ТВ Здравкин, ТВ Боем, ТВ ВТВ, ТВ КТВ, ТВ Ускана, ТВ Канал Три, ТВ Д1), поради оправдано отсуството од седница на неколкумина членови на Совет, да се одложат за продолжение на истата седницата. Исто така предложи, според договорот на координација, да се одложи: точката 20, Мислење за усогласеноста на Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на членовите на Советот за радиодифузија на РМ со член 154 од Законот за работните односи.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, предложи, и точката под разно, Распишување Конкурс за слободни работни места: Архивар, Соработник во Сектор за правни работи, соработник во Сектор за истражување и долгорочен развој, техничар во Сектор за технологии и информатика да се одложи за наредното продолжение.

Членот на Советот, Столе Наумов, во врска со Извештаите од мониторинг, рече дека станува збор за редовна активност на Советот, односно станува збор за

прекршувања каде до сега Советот за нив не изрекол мерки и од таа причина, Советот треба да упати укажување. Според тоа рече дека не би требало да се одложат овие точки.

Предлогот, да се одложат точките од 4 до 16, (точки кои се однесуваа на извештаи од мониторинг на ТВ Стар, ТВ Ирис, ТВ Канал Вис, ТВ Тиквешија, ТВ Интел, ТВ Нова, ТВ Здравкин, ТВ Боем, ТВ ВТВ, ТВ КТВ, ТВ Ускана, ТВ Канал Три, ТВ Д1), се стави на гласање. „За“ беа м-р Борис Арсов, Методија Стоименоски, Лазо Петрушевски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини и Замир Мехмети. Против беа: проф. д-р Томе Груевски, Столе Наумов, Бранко Радовановиќ, акад. Бојан Шоптрајанов. Воздржани беа: м-р Зоран Стефаноски и акад. Али Алиу.

Овој предлог не се изгласа затоа што немаше доволен број гласови, иако м-р Зоран Стефаноски напомена дека поинаку се договориле на координација. Поради оправдано отсуство на Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фета и членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, го поништи гласањето и замоли членовите на Советот, да се согласат меѓу себе за да се одложат точките.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече, дека поради колегијалност, иако според него нема никаква сериозна причина за одложување, ќе го повлече гласот кој беше против и рече дека се согласува токите да се одложат.

При второто гласање, членовите на Советот едногласно го усвоија предлогот и Советот констатира дека точките од 4 до 16 точка, (точки кои се однесуваа на извештаи од мониторинг на ТВ Стар, ТВ Ирис, ТВ Канал Вис, ТВ Тиквешија, ТВ Интел, ТВ Нова, ТВ Здравкин, ТВ Боем, ТВ ВТВ, ТВ КТВ, ТВ Ускана, ТВ Канал Три, ТВ Д1), се одложени за продолжението на 4-та седница.

Предлогот, точката 19, Информација во врска со постапувањето на ТВ Сител, ТВ Алсат М, Наша ТВ и Џангл ТВ по изречените мерки писмени опомени со барање за објавување, да се одложи, се стави на гласање. Советот констатира дека точката останува на Дневниот ред бидејќи сите гласови на членовите на Советот при гласањето беа воздржани.

Предлогот, точката 20, Мислење за усогласеноста на Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на членовите на Советот за радиодифузија на РМ со член 154 од Законот за работните односи, да се одложи се стави на гласање. Советот едногласно констатира дека точката се одложи за продолжение на 4-та седница.

Предлогот на членот на Советот, Лазо Петрушевски, точката под Разно, Распишување Конкурс за слободни работни места: Архивар, Соработник во Сектор за правни работи, соработник во Сектор за истражување и долгорочен развој, техничар во Сектор за технологии и информатика, да се одложи, се стави на гласање. Советот едногласно го усвои предлогот и констатира дека точката се одложи за продолжението на 4-та седница.

Советот, со горенаведените измени, едногласно го усвои следниот:

## Д н е в е н   р е д

1. Усвојување на Записникот од 1-та седница на Советот, одржана на 12.01.2012 година.
2. Усвојување на Записникот од 9-та седница на Советот, одржана на 13.04.2011 година, за која имаше и 13 продолженија, одржани во периодот од 19.04.2011 до 17.08.2011 година.
3. Извештај за завршна сметка на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година.
4. Предлог-Одлука за јавна набавка за предметот на набавка – одржување и поправка на мобилни телефони.

5. Предлог-Одлука за јавна набавка за предметот на набавка – тонери за принтер и копир апарати.
6. Информација во врска со постапувањето на ТВ Сител, ТВ Алсат М, Наша ТВ и Џангл ТВ по изречените мерки писмени опомени со барање за објавување
7. Извештај од мониторингот на емисијата „Живот-20 години независност” емитувана на ТРД-ТВ АЛФА во периодот од 20 декември 2011 до 24 јануари 2012 година.
8. Информација за барањето за одобрение за промена на сопственичката структура на ТВ Шутел.
9. Информација за потребата од одбирање на архивската граѓа од документираниот материјал и изработка евиденција (попис и опис) за 2011 година согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со документираниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење
10. Разно
- Преземање активности во врска со прелиминарниот извештај презентиран на состанокот со претставниците на Државниот завод за ревизија, одржан на 24.02.2012 година,
- Информација за подготовките на CEEHPA,
- Извештај од учеството на состанокот на управниот и извршниот одбор на проектот “SEE DigiTV” во Загреб одржан на 20 и 21 февруари 2012 година во Загреб, од М-р Зоран Трајчевски, член на СРД, Лазо Петрушевски, член на СРД М-р Андриана Скерлев Чакар, Раководител на стручната служба на СРД и М-р Борче Маневски,
- Номинирање лице од СРД за следење на реализацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Државнта програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2011 – 2015 година.
- Предлог за Измена на Планот за јавни набавки на СРД за 2012 година во делот на Точка 38 (Истражување: Национална анализа на нивото на јавната свест за улогата на DSO (во рамките на проектот SEE Digi TV 2012 година).

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 1-та седница на Советот, одржана на 12.01.2012 година.

**Точка 2**

Советот го разгледа Усвојувањето на Записникот од 9-та седница на Советот, одржана на 13.04.2011 година, за која имаше и 13 продолженија, одржани во периодот од 19.04.2011 до 17.08.2011 година.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека забелешките кои беа дадени од негова страна, се вградени во текстот на Записникот од 9-та седница, но членот на Советот, м-р Алма Машовиќ, имала свои забелешки, но поради нејзиното оправдано отсуство и изминат долг период од скоро една година, се согласува да се усвои. Рече дека може и дополнително по усвојувањето на Записникот, да се вметнат забелешките од м-р Алма Машовиќ, доколку ги има.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека и тој има одредени технички забелешки, кои по усвојувањето ќе ги додаде во записникот.

Членот на Советот, м-р Методија Јанчески, посочи дека можеби ќе произлезе мал проблем околу усвојувањето на Записникот од причина што одреден број членови не беа во составот на Советот во периодот на изборите, па од таа причина би требало нивните гласови да бидат воздржани, односно во тој случај ќе нема доволен број гласови за да се усвои Записникот.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека Предвремените парламентарни избори 2011 година се веќе поминати, Извештајот од мониторингот на медиумското покривање на предвремените избори за пратениците во Собранието на РМ во 2011 година одамна е усвоен и ги замоли членовите на Советот со нивна согласност да го изгласаат.

Советот едногласно го усвои Записникот од 9-та седница на Советот, одржана на 13.04.2011 година, за која имаше и 13 продолженија, одржани во периодот од 19.04.2011 до 17.08.2011 година.

**Точка 3**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Извештајот за завршната сметка на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година.

Советот едногласно одлучи да СЕ ОТПИШЕ од сметководствената евиденција на Советот за радиодифузија на Република Македонија, неплатеното побарување во вкупен износ од 8.908,00 денари, со вклучен ДДВ, по издадена фактура бр.109/2010 од 31.05.2010 година, на ТРД „Сури Радио Семи" ДООЕЛ, Центар Жупа, с.Голем Папрадник, поради неможност од наплата на побарувањето.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2011 година.

Советот едногласно одлучи да СЕ ОТПИШЕ од сметководствената евиденција на Советот за радиодифузија на РМ, побарувањето во износ од 6.408,00 денари со вклучен ДДВ, кое врз основа на фактура бр.105/2010 од 31.05.2010 година - како дел од фактурата, Советот го има од Трговското радиодифузно друштво „РТВ МИКС" Јулија ДООЕЛ Неготино, поради неможност за наплата на побарувањето.

Отписот на наведеното побарување ќе се изврши заклучно со периодот до 31.12.2011.

Советот едногласно одлучи да СЕ ОТПИШЕ од сметководствената евиденција на Советот за радиодифузија на РМ, побарувањето во износ од 50.000,00 денари со вклучен ДДВ, кој износ како позајмица Советот за радиодифузија на РМ врз основа на Одлуката на Советот, бр.02-922/1 од 15.04.2008, му ги одобри на Здружението на локалните јавни радиодифузни претпријатија на РМ, за подршка на започнатиот процес на трансформација на локалните јавни медиуми со цел за негово поскоро завршување, а поради неможност од наплата на побарувањето односно враќање на позајмицата од страна на Здружението.

Отписот на наведеното побарување односно позајмица да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2011 година.

Советот едногласно одлучи да СЕ ОТПИШЕ од сметководствената евиденција на Советот за радиодифузија на Република Македонија, неплатеното побарување во износ од 316.310,00 денари, со вклучен ДДВ, по издадена фактура бр.110/2007 од 29.10.2007 година, на Трговското радиодифузно друштво "ТВ Тоска" ДОО, Скопје, поради неможност од наплата на побарувањето.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2011 година.

Советот едногласно одлучи да СЕ ОТПИШЕ од сметководствената евиденција на Советот за радиодифузија на Република Македонија, неплатеното побарување во вкупен износ од 27.136,50 денари, со вклучен ДДВ, по фактура бр.088/2009 од 29.05. 2009 на износ од 11.888,00 денари, и фактура бр.093/2010 од 31.05.2010 година, на износ од 15.248,00 денари, на Трговското радиодифузно друштво „АЛФА" ДООЕЛ Радовиш, поради неможност од наплата на побарувањето.

Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2011 година.

Советот едногласно го усвои Извештајот за завршната сметка на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година.

**Точка 4**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за јавна набавка за предметот на набавка – одржување и поправка на мобилни телефони.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека оваа набавка е неколку пати објавувана, согласно одлуките донесени за неа, но исто така неколку пати била безуспешна. Се надева дека овој пат ќе се најде оператор за предметот на набавка – одржување и поправка на мобилни телефони.

Членот на Советот, Столе Наумов, запраша дали во договорите со купување на службените мобилни телефони за потребите на Советот, има гаранција, односно договор и за поправка на самите мобилни телефони.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, одговори дека оваа набавка се однесува на оние мобилни телефони на кои им истекува гаранцијата и кои доколку се расипат истите да се поправат. Оваа набавка се однесува исклучиво за поправка на мобилен телефон. Доколку не се расипе нема да постои потреба од ангажирање на операторот.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, рече дека во материјалот за оваа точка нема приложено техничка спецификација, кое е спротивно на процедурата и мора да се приложи. Г-динот Петрушевски предложи или до крајот на седницата да се приложи техничка спецификација или оваа точка да се одложи се додека не се обезбедат потребните документи.

Поради некомплетен материјал, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски ја одложи токата за продолжението на 4-та седница.

**Точка 5**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за јавна набавка за предметот на набавка – тонери за принтер и копир апарати.

Членот на Советот, Лазо Петручевски, рече дека во материјалот има потпис од Раководителот на Стручната служба на Советот, но недостасува потпис од одговорниот Сектор. Напомена дека во иднина треба многу повеќе да се внимава кога се поднесуваат документи. Според него оваа точка може да се разгледува на седницата, но под услов, во примерокот што ќе оди во Архива на Советот да бидат обезбедени двата потребни потписи. Советот едногласно одлучи за потребите на Советот за радиодифузија во 2012 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка: Тонери за принтер и копир апарати, за потребите на Советот за радиодифузија на РМ. Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка изнесуваат 200.000,00 денари, без вклучен ДДВ. За реализацијата на договорот за јавна набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година.

Доделувањето на договорот за јавна набавка ќе се спроведе со примена на постапката - барање за прибирање на понуди без објавување на оглас согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Драгица Љубевска- претседател на Комисијата, со заменик Емилија Јаневска;
- Арџент Џелили - член, со заменик Арбен Саити и
- Симе Златески - член, со заменик Александар Џуваревиќ.

**Точка 6**

Советот ја разгледа Информацијата во врска со постапувањето на ТВ Сител, ТВ Алсат М, Наша ТВ и Џангл ТВ по изречените мерки писмени опомени со барање за објавување

Раководителот на Секторот за правни работи ја објасни информацијата и неведе дека Советот за радиодифузија во месец септември 2011 година, врз основа на претходно реализирани мониторинзи, донесе одлуки за изрекување мерки писмени опомени со барање за објавување кон четири радиодифузери: ТВ Сител (1 мерка – за прекршок на член 74 став 1 од ЗРД), ТВ Алсат М (2 мерки – прекршок на член 71 став 3 од ЗРД и членовите 13 и 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика), Наша ТВ (2 мерки – прекршок на членовите 93 став 3 и 74 став 2 од ЗРД) и Џангл ТВ (1 мерка – за повреда на член 97 став1 од ЗРД).

Наведените медиуми не ги испочитуваа одлуките на Советот и не ги емитуваа писмените опомени на својата програма. Имајќи го предвид тоа, Советот на својата 20-та седница одржана на 20 декември 2011 година, донесе одлука да бидат дополнети одлуките за изречените мерки од месец септември кон наведените радиодифузери, така што во нив ќе се допрецизира начинот на којшто медиумот е должен да ја изврши, односно објави мерката – *писмена опомена со барање за објавување*. Одлуките за дополнување на претходните одлуки, заедно со пропратно писмо во коешто беше утврден рокот за извршување на мерката, 7 дена од приемот на известувањето, на 10 јануари 2012 година, беа испратени до четирите медиуми. Повратни поштенски картички од кои се гледа денот кога е примено известувањето, Советот доби само за ТВ Алсат М, со датум на прием од 13 јануари 2012 г. За другите медиуми немаше таков податок. Одлуките на Советот со изречените мерки ги испочитуваа три радиодифузери: ТВ Сител, Наша ТВ и ТВ Алсат М. Но, Џангл ТВ не ја спроведе одлуката.

Советот едногласно ја усвои предложената Информацијата во врска со постапувањето на ТВ Сител, ТВ Алсат М, Наша ТВ, и Џангл ТВ по изречените мерки писмени опомени со барање за објавување и донесе едногласна одлука на ТРД ТВ Џангл, со оглед на фактот дека радиодифузерот, поради непочитување на член 97 став 1 од Законот, не ја извршил изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување, да му се испрати допис со кој ќе му се даде дополнителен рок од 7 (седум) дена да ја изврши изречената мерка.

Советот го задолжи Секторот за правни работи, доколку радиодифузерот не ја изврши изречената мерка во дополнителниот рок од 7 (дена) по приемот на доставениот допис од Советот, да поднесе барање за поведување прекршочна постапка, согласно член 37 став 1 точка 13 од Законот за радиодифузната дејност, до надлежниот суд.

Секторот за програмски работи се задолжи да го следи извршувањето на изречената мерка и да го извести Секторот за правни работи по извршувањето на изречената мерка од страна на радиодифузерите, за да Секторот за правни работи ги евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 7**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на емисијата „Живот-20 години независност” емитувана на ТРД-ТВ АЛФА во периодот од 20 декември 2011 до 24 јануари 2012 година.

Советот за радиодифузија врз основа на барањето од ЈП „Македонска радио телевизија“-Скопје од 02.12.2011 година во врска со архивските материјали користени во серијалот „Живот-20 години независност“ емитуван на ТВ Алфа, и врз основа на информациите доставени од ТВ Алфа на 15.12.2011 година, на седницата одржана на 27.12.2011 година, донесе одлука Секторот за програмски работи да ги следи преостанатите епизоди од овој серијал и да провери дали ТВ Алфа при емитувањето на преостанатите епизоди од серијалот „Живот“, на телоп ќе објави дека во подготовката на серијалот се користени архивски снимки од МРТ, на што се обврза во својот допис. Со мониторингот на преостанатите епизоди од серијалот „Живот-20 години независност“,емитувани во периодот од 20 декеври 2011 година до 24 јануари 2012 година, беше констатирано следново:

• Во одјавниот телоп од епизодите на серијалот емитувани на 20 и 27 декември 2011 година, и на 10, 17 и 24 јануари 2012 година, е наведено дека во сите емитувани епизоди од серијалот се користени снимки на ЈП „Македонска радио телевизија“ – Скопје;

• Во епизодата емитувана на 3 јануари 2012 година, посветена на улогата на поранешниот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров во осамостојувањето на државата, во одјавниот телоп не е наведено чии се архивските снимки што се користат.

Членот на советот, Столе Наумов, рече дека епизодата емитувана на 3 јануари 2012 година, каде во одјавниот телоп не е наведено чии се архивските снимки се користени, имаат одредена оправданост. Уредникот Бојаровски, му се јавил пред да биде емитувана емисијата и најавил дека од одредени технички причини на тој начин ќе биде емитувана. ТВ Алфа го испочитувала дописот, согласно насоките што се дадени од Советот и дека немале никакви намера, односно грешките се исправени и од таа причина треба да се упати укажување како што е наведено како предлог заклучок во материјалот.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека во пет епизоди го имаат користено потребниот телоп, освен во едната каде тоа не е испочитувано. Негово мислење е дека грешката е направена без намера и се работи за техничка грешка.

Предлогот, на ТВ Алфа да и се упати укажување се стави на гласање.

Советот едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на емисијата „Живот-20 години независност“, емитувана на ТРД ТВ Алфа во периодот од 20 декември 2011 година до 24 јануари 2012 година и едногласно одлучи да упати Укажување до ТРД ТВ Алфа, во кое ќе му укаже дека во епизодата на серијата „Живот-20 години независност“ од 3 јануари 2012 година не објавил телоп со информации чии архивски снимки се користат и дека во иднина мора претходно да ги регулира правата за користење аудиовизуелни материјали во своите програми што се сопственост на други радиодифузери или продуценти согласно Законот за авторското право и сродните права, бидејќи член 77 од Законот за радиодифузната дејност ги обврзува да ги создаваат и емитуваат програмите со уредени авторски и сродни права.

Советот, го задолжи Секторот за програмски работи во соработка со Секторот за правни работи да подготват допис со кој ќе го известат Јавното Претпријатие "Македонска радио телевизија" – Скопје за преземените активности од страна на Советот за радиодифузија на РМ во врска со ТРД Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје, за преостанатите епизоди од серијалот „Живот 20 години независност“ каде Алфа ТВ објавила дека во сите епизоди од серијалот се користени архивски снимки од МРТ, со исклучок на епизодата од 3 јануари 2012 година, за која Советот за радиодуфузија на ТРД Алфа ТВ и упати укажување.

**Точка 8**

Советот ја разгледа Информацијата за барањето за одобрение за промена на сопственичката структура на ТВ Шутел.

Членот на Советот, проф. д-р Томе Груевски, координатор на Секторот за истражување и долгорочен развој, даде кратка информација во која наведе дека се работи за промена на сопственичка структура на ТВ Шутел, кое е во согласност со член 17 од Законот за радиодифузната дејност. Според уредните документи кои ги има доставено ТВ Шутел до Советот во однос на оваа проблематика и поради тоа што не се создава недозволена медиумска концентрација, предложи Советот да го усвои поднесеното барање за одобрение од ТВ Шутел за промена на сопственичката структура.

Советот едногласно ја усвои предложената Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ Шутел Ќамил ДООЕЛ од Скопје и едногласно одлучи, со оглед на тоа што не се создава недозволена медиумска концентрација, односно не постојат формално-правни пречки, да издаде одобрение за промена на сопственичка структура на ТРД ТВ Шутел Ќамил ДООЕЛ од Скопје.

**Точка 9**

Советот ја разгледа Информацијата за потребата од одбирање на архивската граѓа од документираниот материјал и изработка евиденција (попис и опис) за 2011 година согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со документираниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење.

Раководителот на Секретаријатот на Советот, објасни дека потребата од одбирање на архивската граѓа од документираниот материјал и изработка евиденција (попис и опис), е пракса која се одвива секоја година, и за таа потреба е формирана и комисија.

Советот едногласно ја усвои предложената Информација за потребата од одбирање на архивската граѓа од документираниот материјал и изработка евиденција (попис и опис) за 2011 година согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со документираниот материјал и архивската граѓа во канцеларискoто и архивското работење.

Советот едногласно одлучи да се формира Комисија која ќе изврши одбирање на архивската граѓа од документираниот материјал за 2011-та година и ќе изработи евиденција (попис и опис) на архивската граѓа од трајна вредност согласно Листата за архивска граѓа од трајна вредност и Листата на документарен материјал со рокови за нивно чување за 2011 година.

Како членови на Комисијата се именуваат:

- Огнен Неделковски, Раководител на Секретаријатот на Советот,
- Татјана Куневска, Референт за архивско и канцелариско работење и
- Ружица Бошнакоска - Јотевска, Виш соработник.

Комисијата својата работа да ја заврши најдоцна до 31 март 2012 година.

Во врска со усвоената Информација, Советот донесе одлука во изработката на описот и пописот на архивската граѓа од трајна вредност на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година да се користи стручна помош од надворешен соработник-стручен консултант.

**Точка 10**
**Разно**

- Преземање активности во врска со прелиминарниот извештај презентиран на состанокот со претставниците на Државниот завод за ревизија, одржан на 24.02.2012 година.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, информира дека во прелиминарниот извештај презентиран на состанокот со претставниците на Државниот завод за ревизија, одредени работи биле дадени како препораки до Советот, а некои од нив се: Советот да размисли дали ќе работи сеуште по Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на членовите на Советот за радиодифузија на РМ, бр.01-3480/1 од 16.10.2009 година; прашањето оние субјекти кои немаат навремено платено за Дозволата за вршење радиодифузна дејност, која се плаќа еднаш годишно, дали за нив треба да се воведат каматни листи; Правилникот за користење на службени возила да се дефинира во одредени сегменти и сл.

Претседателот на Советор, м-р Зоран Стефаноски, рече дека оваа точка одлучил да ја постави на Дневен ред за да ги информира членовите на Советот. Околу оваа точка најави дека доколку пристигнат готови материјали од Државниот завод за ревизија, тогаш може и конкретно да се разгледува и одлучува по тие прашања. Во таа насока предложи за преземањето активности во врска со прелиминарниот извештај да се одложи за онаа седница кога Советот би имал конкретен материјал.

- Информација за подготовките на СЕЕНРА.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека според првичните информации кои ги добил, работите во таа насока почнуваат да се раздвижуваат во позитивна насока. Рече дека ги охрабрува сите да вложат максимални напори, затоа што Република Македонија е на прагот за првпат да биде иницијатор за формирање на една меѓународна организација, и основач. Со пет и повеќе членки може да се формира платформа.

- Извештај од уеството на состанокот на управниот и извршниот одбор на проектот “SEE DigiTV” во Загреб одржан на 20 и 21 февруари 2012 година во Загреб, од М-р Зоран Трајчевски, член на СРД, Лазо Петрушевски, член на СРД М-р Андриана Скерлев Чакар, Раководител на стручната служба на СРД и М-р Борче Маневски,

Советот едногласно го усвои предложениот Извештај од учеството на состанокот на управниот и извршниот одбор на проектот “SEE DigiTV” во Загреб одржан на 20 и 21 февруари 2012 година во Загреб, подготвен од м-р Зоран Трајчевски, член на СРД, Лазо Петрушевски, член на СРД, м-р Андриана Скерлев Чакар, Раководител на Стручната служба на СРД и м-р Борче Маневски, Раководител на Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста.

- Номинирање лице од СРД за следење на реализацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Државнта програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2011 – 2015 година.

Советот едногласно одлучи да го номинира членот на Советот, м-р Методија Јанчески како лице од СРД за следење на реализацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Државнта програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2011 – 2015 година, согласно доставеното Барање од Државната комисија за спречување на корупција (наш број 03-689/1 од 21.02.2012 година).

- Предлог за Измена на Планот за јавни набавки на СРД за 2012 година во делот на Точка 38 (Истражување: Национална анализа на нивото на јавната свест за улогата на DSO (во рамките на проектот SEE Digi TV 2012 година).

Советот едногласно ја усвои предложената Информација за предлогот за изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ бр.01-152/1 од 18.01.2012 година, подготвена од Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавност.

Согласно потребите на Советот за радиодифузија на РМ кои произлегоа по донесувањето и усвојувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ бр.01-152/1 од 18.01.2012 година, наведени во Барањето бр. 03-723/1 од 23.02.2012 година од Секторот за меѓународна и европска соработка и односи со јавноста, а во врска со членот 26 став 3 од Законот за јавните набавки, потребно е постојниот Годишен план за јавни набавки за 2012 година, да се измени, и тоа:

Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги

1.1. Точката 38 која гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 38. | Истражување: Национална анализа на нивото на јавната свест за услогата на DSO (во рамките на проектот SEE Digi. TV 2012 година) | | јули/ декември | Постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас | 123.000,00 |

Се менува на следниот начин, и гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 38. | Истражување: Национална анализа на нивото на јавната свест за услогата на DSO (во рамките на проектот SEE Digi. TV 2012 година) | | Март | Постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас | 246.000,00 |

Финансиските средства за реализација на наведената постапка за доделување на предметниот договор за јавна набавка, се обезбедени со пренамена на ослободени средства од веќе завршените активности, од буџетот на проектот SEE Digi. TV.

**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 4-та седница на Советот**
**одржана на 02.03.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, проф. д-р Томе Груевски, Бранко Радовановиќ, акад. Бојан Шоптрајанов, Столе Наумов, м-р Зоран Трајчевски, м-р Борис Арсов, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Методи Стоименовски.

**Отсутни членови на Совет:** акад. Али Алиу (оправдано отсутен), м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Борче Маневски, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Ивона Муфишева - Алексовска, Симе Златески, Арбен Саити, Арџент Џелили, Милаим Абдураими, Магдалена Давидовска – Довлева, Симона Темелкова и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Присутни новинари:** Соња Казиоска од Дневник.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски го отвори првото продолжение на 4-та седница. Дневниот ред се состоеше од точки што беа одложени од 4-та седница.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, процедурално се јави за збор. Потсети дека неколку пати реагирал во однос на емитувањето на програмата на телевизија ТВ Пинк 15- во однос на непочитување на Законот и подзаконските акти. Во таа насока го запраша Раководителот на Секторот за програмски работи дали следи што се случува на програмата на ТВ Пинк 15 -, и иако неколку пати реагирал, побарал да се направи мониторинг и ги посочил неговите забелешки во таа насока, Секторот за програмски работи сеуште не реализирал мониторинг и не доставил Извештај за истиот. Г-динот Арсов рече дека кога ја гледа програмата на ТВ Пинк 15 – се чувствува како да се наоѓа во Република Србија, затоа што забележал дека нема превод на емисиите од српско потекло, кога се емитува филм, превод има но и тоа е многу ретко и истиот не е означен со соодветна аудиовизуелна сигнализација за заштита на малолетната публика. Исто така рече дека се сомнева во почитување на форматот кај ТВ Пинк 15- согласно доделената дозволата за вршење радиодифузна дејност. Исто така членот на Советот, м-р Борис Арсов, бидејќи во Советот имаше хаварија односно протекуваше покривот и сл., вработените кои помогнаа сето тоа навремено да се санира, предложи под Разно да стои предлог за можност да се наградат.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека се согласува со констатацијата на м-р Борис Арсов во однос на титлувањето на емисиите од српско потекло и дека е крајно време да се превземат конкретни мерки за не почитување на Законот од страна на радиодифузерот ТВ Пинк 15-. Советот, рече дека им овозможил доволно време за да ја усогласат програмата со Законот и во таа насока предложи да им се упати барање во најкраток можен рок, преводот, титлуваниот дел од говорот, да не биде прераскажан туку соодветен на кажаното.

Раководителот на Секторот за програмски работи, рече дека не е првпат Секторот за програмски работи да се повикува дека навремено не реагирал за одредени емисии. Нагласи дека Секторот работи според програмата за работа што е и усвоена од Советот. Тоа значи дека и по Програмата за работа и по планот од НПА и по генералниот план активности што го изработил Секторот за програмски работи,

односно врз основа на наведените планови, точно е утврдено кои видови медиуми, во кој период од годината и колку пати во годината ќе бидат анализирани. Планот е достапен и се наоѓа во фолдерот на зеднички документи на Советот, каде секој има можност да го погледне распоредот на активностите. Секторот за програмски работи рече дека не работи самоиницијативно, но по барање на член на Совет се работат и други мониторинзи надвор од усвоениот план. Што се однесува до сателитските телевизии, како што е и ТВ Пинк 15 -, рече дека веќе кај него е реализиран еднодневен мониторинг и мониторинг на сите останати сателитски телевизии, кои ќе бидат достапни на некоја од наредните седници, а анализираниот ден е 1 (први) февруари.

Членот на Советот, Столе Наумов, се согласи дека титлуваниот превод е проблематичен кај ТВ Пинк 15- и предложи да се направи анализа на форматот на овој радиодифузер за да се провери дали форматот е во рамките на доделената дозвола.

Членот на Советот, Методија Стоименовски, предложи да се мониторираат сите емисии кои се посветени на автоиндустријата, од аспект на почитувања на Законот за радиодифузната дејност, посебно во делот на рекламирањето. Како пример наведе дека емисијата доколку трае половина час, има впечаток дека и толку време се рекламира автомобилот, со сите карактеристики, цени и сл.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека секој член на Совет, може да побара да се реализира мониторинг на одреден медиум доколку има одредени сомневања и во таа насока предложи да се изготви еднонеделен мониторинг на ТВ Пинк 15- за да би се проверил форматот. Додаде, дека на програмата на ТВ ЕДО, се емитуваат играни филмови кои се од најнова продукција и за кој се сомнева дека ТВ Едо поседува авторски права. Рече дека поради емитувањето на најнови филмови, негативни реакции пристигнуваат од скоро сите медиуми до Советот. Ги замоли членовите на Советот сите евентуални забелешки доколку ги имаат и за други медиуми, емитувани емисии или програмски шеми, да ги забележат и по електронски пат да ги достават до Секторот за програмски работи. Што се однесува до рекламирањето рече дека владините реклами – Осмели се, направи го првиот чекор - во суштина преставуваат бесплатни реклами.

Советот едногласно одлучи, по предлог на членот на Советот, м-р Борис Арсов, Секторот за програмски работи да изготви еднонеделен мониторинг на сателитскиот програмски сервис ТРД – ТВ Пинк 15-, во однос на почитување на форматот на програмскиот сервис, согласно добиената дозвола за вршење радиодифузна дејност.

Советот едногласно одлучи, по предлог на членот на Советот, Методи Стоименовски, Секторот за програмски работи да изврши анализа на емисиите за автомобилизам што се емитуваат на националните телевизии во РМ, во однос на нивна усогласеност со Законот за радиодифузната дејност.

Советот едногласно го прифати следниот дневен ред:

## Дневен ред

1. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Стар (Штип) од 3 ноември 2011 година.
2. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Ирис (Штип) од 4 ноември 2011 година.
3. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Канал Вис (Струмица) од 8 декември 2011 година.
4. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Тиквешија (Кавадарци) од 8 декември 2011 година.
5. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Интел (Струмица) од 9 декември 2011 година.

6. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Нова (Гевгелија) од 9 декември 2011 година.
7. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Здравкин (Велес) од 9 декември 2011 година.
8. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Боем (Кичево) од 10 декември 2011 година.
9. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ ВТВ (Валандово) од 10 декември 2011 година.
10. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – КТВ (Кавадарци) од 10 декември 2011 година.
11. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Ускана (Кичево) од 11 декември 2011 година.
12. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ КАНАЛ ТРИ (ТВ Жупа) – Центар Жупа од 11 декември 2011 година.
13. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Д1 (Делчево) од 31 октомври 2011 година.
14. Предлог-Одлука за јавна набавка за предметот на набавка – одржување и поправка на мобилни телефони.
15. Распишување Конкурс за слободни работни места: Архивар, Соработник во Сектор за правни работи, соработник во Сектор за истражување и долгорочен развој, техничар во Сектор за технологии и информатика...)
16. Преземање активности во врска со прелиминарниот извештај презентиран на состанокот со претставниците на Државниот завод за ревизија, одржан на 24.02.2012 година.

**Точка 1**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Стар (Штип), од 3 ноември 2011 година.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека кога ги разгледал Извештаите од мониторинзите на локалните медиуми, си го поставил прашањето, дали тие радиодифузери се многу дисциплинирани во поглед на почитување на Законот или пак многу ретко им се прави мониторинг, затоа што кај најголем дел од нив нема изречено мерки. Негово мислење е дека не се дисциплинирани туку ретко се прави мониторинг на локалните медиуми за разлика од националните. Кај некои од нив има драстични прекршувања, посебно кај надминување на лимити за рекламирање. Секторот за правни работи го запраша, во случај кога нема изречено мерки, но прекршувањето е со голема тежина, дали може да се изрече построга мерка или пак мора да се упати укажување. Прашањето беше дали според Закон мора да се изрече првата мерка која е наведена во редот, односно писмена опомена или пак може да се оди на писмена опомена со обврска за објавување.

Заменикот на Раководителот на Секторот за правни работи, рече дека Укажувањето не е категорија од Законот така да прва мерка е писмена опомена. Наведе дека Советот пред некоја седница наназад одлучил директно да изрече мерка писмена опомена со барање за објавување на одреден медиум, поради обемот и континуитетот на сторениот прекршок.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, запраша дали Советот Законски мора постапно да оди при изрекување мерки, што се однесува до првите две санкции (писмена опомена и писмена опомена со барање за објавување). Заменикот на Раководителот на Секторот за правни работи одговори дека мисли дека постапно би било Законски.

Раководителот на Стручната служба рече дека на една од минатите седници било кажано, а тоа го има и во Записникот за истоимената седница, дека може да се прескокне првата мерка. Писмена опомена, прва мерка мора да се изрече затоа што во став 3 од член 38 од Законот се вели: *мерката писмена опомена со барање за*

*објавување се изрекува во случај кога радиодифузерот, и покрај писмената опомена, продолжува со вршење на истата повреда за која му е изречена писмената опомена.* Ова значи дека секогаш треба прво да се опомени, потоа оди втората мерка и потоа палетата на другите мерки. Исклучок се член 69 и 70 од Законот, бидејќи се сериозни прекршувања, тогаш може како прва мерка и писмена опомена со барање за објавување. Исто така даде информација за досегашното изрекување на мерки од страна на Советот, дека секогаш освен во еден случај при изрекување на мерки се одело редоследно.

Раководителот на Секторот за програмски работи, во однос на прашањето колку редовно се прави мониторинг на локалните телевизии, одговори дека тие поретко се мониторираат од причина што нивното влијание на пазарот е многу помало од влијанието на регионалните и националните медиуми. Но сепак, реализирани се многу мониторинзи на локалните телевизии и истото може да се провери во извештаите за работата на Советот. Претежно, рече многу ретко се изрекувале марки на локалните медиуми и обично им се упатувале укажувања. До минатата година укажувањата не се регистрирале во базата за податоците на изречените мерки и од тамо произлегува дека тие се или многу малку мониторирани или дека се дисциплинирани, што не е точно.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предложи прво да се разгледаат сите извештаи поединечно, затоа што ТВ Стар од Штип има мали прекршувања во споредба со ТВ Вис каде има драстично надминување на лимитот за рекламирање во текот на целиот ден. Доколку се споредат ТВ Стар и ТВ Ирис ќе се забележи дека кај ТВ Стар прекршувањата се минимални, но кај ТВ Ирис надминувањето на лимитите за рекламирање се големи. Во таа насока предложи, на ТВ Стар да му се упати укажување и да се заведе во базата за евиденција на изречени мерки, а на ТВ Ирис да му се изрече мерка писмена опомена.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, смета дека локалните телевизии не се придржуваат до програмската шема и не го изненадува фактот дека кај нив има драстично надминување на лимитите за рекламирање. Се согласува со ставот на г-динот Трајчевски, дека констатираните прекршувања кај локалните медиуми неможе да се третираат сите подеднакво при изрекување мерки. Кај некои од нив тежината на прекршокот е многу поголема од другиот. Предложи Советот да организира изненадни посети низ градовите во РМ кај локалните медиуми и на лице место да ја забележи реалната слика за медиумот.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека во најголем број случаи не станува збор за намерно сторени прекршувања, туку тие се направени од незнаење и недоволна упатеност во Законот. Рече дека тоа не ги ослободува локалните медиуми од одговорноста, но мора Советот постојано да организира обуки за Законските одредби. Рече дека треба да се следи и процентот за емитување на локални настани. Предложи за прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма) да се упати укажување, за прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува), да се упати укажување, за прекршување на член 74 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (обврска за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик), да му се изрече мерката: писмена опомена и за

прекршување на на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), да му испрати укажување.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека неколку пати Советот упатувал укажувања на одредени радиодифузери, односно не се изрекувало директно писмена опомена, а пак некогаш Советот бил и построг доколку ценел дека прекршокот е со поголема тежина. Не се согласи со ставот на Раководителот на програмски сектор дека треба помалку да се мониторираат локалните медиуми од причина што земаат многу мал дел од рекламниот колач, напротив дека треба почесто затоа што тие медиуми повеќе го прекршуваат Законот. Треба да се земе и фактот дека локалните медиуми до Советот доставуваат снимки и тие снимки Советот ги користи за реализирање мониторинг. Посочи дека мониторингот на ТВ Стар е направен на 03.11.2011 година, и запраша дали следниот мониторинг ќе биде на 03.12.2012 година, односно еднаш годишно, со кое не се согласува. Побара да му се достави планот, за да има увид во работата.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски рече дека треба да се практикува пред седница членовите на Совет да поразговараат со координаторите на Секторите во Советот и од тамо да ги добијат неопходните податоци.

Членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, рече дека поради тоа што укажувањето не е мерка, и поради тоа што Советот не е едукативно тело туку регулаторно, од таа причина за упатување укажување до медиум за сторен прекршок не се согласува и ќе биде воздржан.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТВ Стар (Штип):

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТВ Стар (Штип):

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 12 гласа „За“(Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТВ Стар (Штип):

- поради прекршување на член 74 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (обврска за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик), да му се изрече мерката: писмена опомена.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов,(Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТВ Стар (Штип):

- поради прекршување на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата и изречената мерка писмена опомена во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 2**

Советот го разгледа Извештаотј од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Ирис (Штип) од 4 ноември 2011 година.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, бараше појаснување во врска со ТВ Огласите кои се емитуваат на програмите, конкретно го забележал и кај ТВ Ирис, и запраша дали тоа претставува реклама, затоа што во Законот не е дефинирано дали ТВ Огласи се класифицираат како реклами. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски и членот на Советот, Селвер Ајдини објаснија дека ТВ Огласите се третираат како реклами пред се затоа што за нивно емитување медиумот наплатува одредена сума.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беа отсутни), на ТРД – ТВ Ирис (Штип):

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беа отсутни) на ТРД – ТВ Ирис (Штип):

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (емитуваната играна програма означена е со сигнализација за заштита на малолетната публика само пред почетокот, но не и за целото нејзино времетраење), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 12 гласа „За“ (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Ирис (Штип):

- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му се изрече мерката: писмена опомена.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Ирис (Штип):

- поради прекршување на член 100 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување реклами во вести), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Ирис (Штип):

- поради прекршување на член 106 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (поттикнување продажба, купување производи и изнајмување услуги од спонзорот во спонзорирана програма), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи, по доставеното Укажување и изречената мерка писмена опомена до ТРД – ТВ Ирис (Штип), да реализира контролен мониторинг од еден ден, во однос на почитувањето на лимитите за рекламирање, со цел да се увиди дали радиодифузерот го усогласил своето работење со Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти.

**Точка 3**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Канал Вис (Струмица) од 8 декември 2011 година.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Канал Вис (Струмица):
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Канал Вис (Струмица):
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 12 гласа „За“(Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Канал Вис (Струмица):
- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Канал Вис (Струмица):
- поради прекршување на член 106 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (поттикнување на продажба, купување на производи и изнајмување на услуги од спонзорот во спонзорирана програма), да му испрати укажување.

На ТРД – ТВ Канал Вис (Струмица), му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност (“Службен весник на РМ”, бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува ТРД – ТВ Канал Вис (Струмица), во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на оваа Одлука, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата, и до Советот ќе достави снимен доказен материјал (ЦД) за извршената мерка.

Се задолжува ТРД – ТВ Канал Вис (Струмица), изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на целиот екран, да се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавената писмена опомена со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар.

Се задолжува Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување од страна на радиодифузерот ТРД – ТВ Канал Вис (Струмица) и да го извести Секторот за правни работи за да ги евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Се задолжува Секторот за програмски работи, по доставеното Укажување и изречената мерка писмена опомена до ТРД – ТВ Канал Вис (Струмица), да реализира

контролен мониторинг од еден ден, во однос на почитувањето на лимитите за рекламирање, со цел да се увиди дали радиодифузерот го усогласил своето работење со Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти.

**Точка 4**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Тиквешија (Кавадарци) од 8 декември 2011 година.

Советот одлучи со 10 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи и членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, во текот на гласањето беа отсутни), на ТРД – ТВ Тиквешија (Кавадарци):
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи и членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски во текот на гласањето беа отсутни), на ТРД – ТВ Тиквешија (Кавадарци):
- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му се изрече мерката: писмена опомена.

Советот одлучи со 10 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи и членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски во текот на гласањето беа отсутни), на ТРД – ТВ Тиквешија (Кавадарци):
- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување на реклами), да му испрати укажување.

**Точка 5**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Интел (Струмица) од 9 декември 2011 година.

Советот одлучи 10 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи и членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски во текот на гласањето беа отсутни), на ТРД – ТВ Интел (Струмица):
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да му испрати укажување.

Советот одлучи 10 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи и членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски во текот на гласањето беа отсутни), на ТРД – ТВ Интел (Струмица):
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите

пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 6**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Нова (Гевгелија) од 9 декември 2011 година.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Нова (Гевгелија):
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 12 гласа „За“ (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Нова (Гевгелија):
- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му се изрече мерката писмена опомена со барање за објавување.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Нова (Гевгелија):
- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување на реклами), да му испрати укажување.

На ТРД – ТВ Нова (Гевгелија), му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност (“Службен весник на РМ”, бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува ТРД – ТВ Нова (Гевгелија), во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на оваа Одлука, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата, и до Советот да достави снимен доказен материјал (ЦД) за извршената мерка.

Се задолжува ТРД – ТВ Нова (Гевгелија), изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на целиот екран, да се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавената писмена опомена со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување од страна на радиодифузерот ТРД – ТВ Нова (Гевгелија) и да го извести Секторот за правни работи за да ги евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата и изречената мерка писмена опомена со барање за објавување во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 7**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Здравкин (Велес) од 9 декември 2011 година.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Здравкин (Велес):

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 12 гласа „За“ (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Здравкин (Велес):

- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му се изрече мерката писмена опомена.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 8**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Боем (Кичево) од 10 декември 2011 година.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Боем (Кичево):

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Боем (Кичево):

- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување реклами), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 9**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ ВТВ (Валандово) од 10 декември 2011 година.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ ВТВ (Валандово):

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ ВТВ (Валандово):

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 10**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – КТВ (Кавадарци) од 10 декември 2011 година.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – КТВ (Кавадарци):

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – КТВ (Кавадарци):

- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување на реклами), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 11**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Ускана (Кичево) од 11 декември 2011 година.

Советот одлучи со 12 гласа „За“ (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Ускана (Кичево):

- поради прекршување на член 96 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (бесплатно објавените реклами мора да бидат посебно означени), да му испрати укажување.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Ускана (Кичево):

- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување на реклами), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 12**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ КАНАЛ ТРИ (ТВ Жупа) – Центар Жупа од 11 декември 2011 година.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен)на ТРД – ТВ Канал Три (ТВ Жупа)- Центар Жупа:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да го евидентира укажувањето во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 13**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Д1 (Делчево) од 31 октомври 2011 година.

Советот одлучи со 11 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), на ТРД – ТВ Д1 (Делчево):

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да го евидентира укажувањето во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 14**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за јавна набавка за предметот на набавка – одржување и поправка на мобилни телефони.

Советот одлучи со12 гласа „За“, (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, во текот на гласањето беше отсутен), за потребите на Советот за радиодифузија во 2012 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки, да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка: Одржување и сервисирање на мобилни телефони за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.

Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка, изнесуваат 60.000,00 денари, без вклучен ДДВ.

За реализацијата на договорот за јавна набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година.

Доделувањето на договорот за јавна набавка ќе се спроведе со примена на постапката - барање за прибирање на понуди без објавување на оглас согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Арџент Џелили- претседател на Комисијата, со заменик Арбен Саити;
- Рубин Талески - член, со заменик Драгица Љубевска и
- Атила Мемед - член, со заменик Татјана Куневска.

**Точка 15**

Советот го разгледа предлогот за распишување Конкурс за слободни работни места: Архивар, Соработник во Сектор за правни работи, соработник во Сектор за истражување и долгорочен развој, техничар во Сектор за технологии и информатика...)

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, предложи да се прекине седницата, поради дополнителни координации со членовите на Советот.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски рече дека според забелешките од ревизијата, Советот има обврска да вработи ликвидатор. Пради наведените аргументи од членот на Советот, Лазо Петрушевски, кој и беше предлагач на точката, м-р Зоран Стефаноски предложи точката да се одложи за 2-то продолжение на 4-та седница, која ќе биде дополнително закажана. Предлогот беше едногласно усвоен. (отсутни од гласање беа м-р Зоран Трајчевски и м-р Борис Арсов).

**Точка 16**

Советот ја разгледа информацијата која се однесуваше на преземање активности во врска со прелиминарниот извештај презентиран на состанокот со претставниците на Државниот завод за ревизија, одржан на 24.02.2012 година.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека оваа точка е од информативен карактер, односно кратка информација од состанокот одржан во Советот за радиодифузија на кој покрај членовите на ревизијата биле присутни и Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, Раководителот на Стручната Служба Андриана Скерлев – Чакар и Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи Горан Радуновиќ. За некои прашања ревизијата доставила забелешки а за некои доставила упатства односно препораки. Од таа причина на седницата беше доставена информација до сите членови на Советот, за која рече дека не претставува официјален документ. Во однос на присуството на преставници од Советот, рече дека присуствувале тие што биле посочени и побарани од државните ревизори.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека не го прифаќа документот, од причина што не е потпишан од кого е изработен исто и како документот со кој се забранува варење на кафе и сл., и според него таквите документи немаат никаква тежина. Дел од информациите во документот рече дека се селективно направени и селективно се кажани на ревизорот, и ризикот нека го прифатат тие што тоа го кажале. Рече дека во подготвената информација забележал зборови кои до детал се пренесени од луѓето кои што тоа го имаат кажано, затоа што државниот ревизор така не работи, тој работи врз основа на документи. Овој документ пред се е производ на интерни интриги што се прават. Запраша, зошто само одредени луѓе присуствувале на состанокот и зошто не присуствувале сите членови на Совет? Според него на овој начин се остава сомнеж дека тоа што му одговарало на некој е запишано а тоа што не му одговарало е изоставено.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски рече дека како што и кажал Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, поделената информација преставува неофицијален документ. Конечниот Извештај од државната ревизија кога

ќе биде доставен, ќе биде поделен на сите членови на Совет и ќе има можност во рок од 30 дена да се изнесат забелешки.

**Разно**

- Советот го разгледа предлогот на членот на Советот, м-р Борис Арсов за награда на неколку вработени, но Советот одлучи да се одложи за некоја од наредните седници.

- Советот донесе одлука да го награди работникот Магдалена Давидовска – Довлева, Виш Соработник во Секторот за истражување и долгорочен развој, поради посебни вонредни залагања во работењето - изготвување на Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2010 година.

Советот одлучи надоместокот за работната успешност на работникот Магдалена Давидовска –Довлева да изнесува 20% од основната плата на именуваната за период од три месеци.

- Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски предупреди дека вработените во Советот за краток период имаат потрошено големо количество хартија за копирање. Препорача во иднина копирањето да се сведе на минимум.

**ЗАПИСНИК**
**од второто продолжение на 4-та седница на Советот**
**одржана на 06.03.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Милаим Фетаи, проф. д-р Томе Груевски, Бранко Радовановиќ, акад. Бојан Шоптрајанов, акад. Али Алиу, Столе Наумов, м-р Зоран Трајчевски, м-р Борис Арсов, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Методи Стоименовски.

**Отсутни членови на Совет:** м-р Зоран Стефаноски (оправдано отсутен), м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Борче Маневски, м-р Емилија Јаневска, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Милаим Абдураими, Магдалена Давидовска – Довлева, Симона Темелкова, Хари Митриќески Клекачкоски и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, го отвори второто продолжение на 4-та седница на Советот за радиодифузија. За оваа седница ја предложи единствената точка која беше одложена од 4-та седница, односно распишување Конкурс за слободни работни места: Архивар, Соработник во Сектор за правни работи, соработник во Сектор за истражување и долгорочен развој, техничар во Сектор за технологии и информатика и др.

Членот на Советот, Селвер Ајдини, рече, дека имајќи го во предвид реновирањето на дел од работните простории на Советот, предложи да се донесе одлука за распишување на тендер за јавна набавка во висина од 305, 000 денари без ДДВ. Во таа насока предложи како точка 2 да се постави на Дневниот ред.

Бидејќи немаше други предлози за измена и дополнување, Советот едногласно го прифати следниот:

## Дневен ред

1. Распишување Конкурс за слободни работни места: Архивар, Соработник во Сектор за правни работи, соработник во Сектор за истражување и долгорочен развој, техничар во Сектор за технологии и информатика и др.
2. Измена на Годишниот план на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-890/1 од 29.02.2012 година.

**Точка 1**

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, во поглед на новите вработувања во одделни Сектори на Советот, рече дека претходно имал дадено предлог за 4 нови вработувања кои ќе бидат реализирани во првото полугодие и 4 нови вработувања кои ќе бидат реализирани во второто вработување. Но во меѓувреме добил забелешки од дел од членовите на Советот, односно предлози за нови вработувања, и во таа насока сега го модифицирал неговиот предлог, потенцирајќи дека се работи за млади колеги и од таа причина за повеќето работни места предложени се Соработници. Неговиот предлог го достави на седницата кој гласеше: во Секторот за истражување и долгорочен развој предложи две вработувања, на работно место Соработници со ВСС, VII/1 или 240 ЕКТС, Општествени науки, во Секторот за правни работи предложи едно вработување на работно место Соработник со ВСС, VII/1 или 240 ЕКТС, Правен факултет, во Секторот за технологии и информатика предложи две вработувања на работно место Референт за одржување на компјутери со ССС, IV техничко образование и Виш соработник со ВСС, VII/1 или 300 ЕКТС, Технички или информатички науки, во Секретаријатот на Советот две вработувања односно Референт за архивско и канцелариско работење и Референт Деловен секретар, и двете со ССС, IV, и во Секторот за спречувања на пиратерија и заштита на авторски права предложи едно вработување на работно место Соработник со ВСС, VII/1 или 240 ЕКТС, Општествени науки.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски предложи вкупно 8 (осум) нови вработувања. Рече дека предлогот за новите вработувања е направен во соработка и нивни предлози и од други членови на Советот. Предложи конкурсот да се објави во два дневни печати, на македонски и албански јазик. За оваа намена предложи и комисија составена од 3 (три) члена на Советот, на која ќе и помага Секторот за правни работи околу припремата на огласот и процедурата. Комисијата нема да вработува, затоа што нејзина задача ќе биде да направи административна селекција на кандидатите, потоа да направи интервју и врз основа на тоа интервју да му предложи на Советот кои кандидати се најпогодни за потребните работни места. На седница на Совет, со гласање ќе се одлучува дали ќе бидат примени или не.

Членот на Советот, Методи Стоименоски, предложи г-динот Лазо Петрушевски да биде претседател на таа комисијата заедно со м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини. Не се согласува со ставот на членот на Советот, Столе Наумов дека во Секторот за информартика и технологии нема потреба од две нови лица, од причина што има потреба а и во иднина ќе се зголеми нивната работа.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека се согласува со предлогот на Лазо Петрушевски. Од големо значење е што има предлог за вработување во Секторот за заштита од пиратерија и авторско право, бидејќи таму е неопходна потребата од уште

еден вработен, но смета дека во Секторот за технологии и информатика се премногу две вработувања. Исто така рече дека 3 члена во составот на комисијата за вработување е малку и предложи да се зголеми на 5 члена на Совет, односно составена и од постарите членови на Совет, како на пример проф. Томе Груевски, координатор во Секторот за истражување и долгорочен развој. На членот на Советот, Лазо Петрушевски му се обрати и му рече да не нагласува дека се работи за млади кандидати, затоа што тоа е дискриминација во конкурсот. Во однос на вработувањата рече дека не може да се прави паралела со АЕК и Советот затоа што секој од нив си има свои надлежности. Можеби ќе биде пресудно медиумското познавање и искуство.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи, рече дека во Финансискиот план на Советот за 2012 година, кој е усвоен од Советот, предвидени се 4 (четири) вработувања. Рече дека разликата за доставениот предлогот од осум вработувања е уште 4 нови, за кои треба и да се предвидат финансиски средства и од таа причина потребно е да направи нова пресметка за да се увиди дали тоа е возможно да се направи или не.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предложи Секторот за економско-финансиски работи да направи финансиска пресметката и доколку нема доволно финансиски средства да достави извештај. Доколку има можност, на првата наредна седница да достави измена на финансиски план на Советот за 2012 година кој ќе биде усогласен со новите потреби на Советот.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, побара објаснување за потребното образование за работните места, односно конкретно за кој вид на факултет од високото образование е потребно. Членот на Советот, Лазо Петрушевски одговори дека се е направено според постојната Систематизација на Советот, и секој кој ги исполнува условите може да конкурира.

Членот на Советот, проф. д-р Томе Груевски, во врска со новите вработувања во Секторот за истражување и долгорочен развој во даде мала препорака, односно да се внимава на факултетот, затоа што општествени науки е многу широк поим. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, додаде дека во Секторот за истражување и долгорочен развој потребно е социолог или филозоф, затоа што тие се оспособени за истражувачка работа.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, како информација наведе дека во АЕК, во Секторот за истражување кој се состои од 10 вработени, 8 се со економски факултет и работат на анализа на пазарот. Така да општествени науки е поширок поим и не само комуниколози туку можат да конкурираат и економисти. Што се однесува до предлогот на Лазо Петрушевски, целосно го подржува и рече дека процесот на новите вработувања ќе биде транспарентен.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека се согласува со предлогот за нови 8 вработувања од причина што се неопходни бидејќи е зголемен обемот на работа во Секторите каде е предложено вработувањето. Рече дека имал мала дилема за вработувањата во Секторот за технологии и информатика, но бидејќи ќе се следат и мониторираат оператотрите на јавните комуникациски мрежи, рече дека ќе се согласи. Исто така наведе дека во Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, има потреба за ново вработување кое не било предвидено. За превод на содржините на албански јазик на Веб страната на Советот.предложи во табеларниот преглед да се направи измена и дополнување за оваа потреба и да се предвиди ново вработување. Досега преводите на албански јазик ги изготвуваше вработен од Секторот за програмски работи. Исто така според забелешките од ревизијата рече дека во Советот е потребно да се вработи и ликвидатор, но за тоа ќе се разговара по достава на официјалниот извештај од ревизијата. По предлогот на членот на Советот, Столе Наумов, комисијата за вработување да брои 5 члена, рече

дека не се согласува од причина што е премногу а сепак како Совет заеднички на седници ќе одлучуваат за кандидатите за новите вработувања.

Советот едногласно ја усвои предложената потреба за распишување на Конкурс на неопределено време за слободни работни места во Секторот за истражување и долгорочен развој, Секторот за правни работи, Секторот за технологии и информатика, Секторот за спречување пиратерија и заштита на авторски права и Секретаријатот на Советот.

Советот одлучи да се распише Јавен оглас за објавување Конкурс за 8 (осум) слободни работни места кои ќе бидат распоредени во Секторот за истражување и долгорочен развој, Секторот за правни работи, Секторот за технологии и информатика, Секторот за спречување пиратерија и заштита на авторски права и Секретаријатот на Советот, односно:

| РБ | Сектор | Позиција | Услови | Број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Истражување и долгорочен развој | Соработник | ВСС, VII/1 или 240 ЕКТС, Општествени науки | 2 |
| 2 | Правни работи | Соработник | ВСС, VII/1 или 240 ЕКТС, Правен факултет | 1 |
| 3 | Технологии и информатика | Референт за одржување на компјутери | ССС, IV техничко образование | 1 |
| 4 | Технологии и информатика | Виш соработник | ВСС, VII/1 или 300 ЕКТС, Технички или информатички науки | 1 |
| 5 | Секретаријат | Референт за архивско и канцелариско работење | ССС, IV | 1 |
| 6 | Секретаријат | Референт Деловен секретар | ССС, IV | 1 |
| 7 | Спречување пиратерија и заштита на авторски права | Соработник | ВСС, VII/1 или 240 ЕКТС, Општествени науки | 1 |

Советот со девет гласа „За“ од членовите на Советот: Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески, Лазо Петрушевски, акад. Али Алиу, м-р Милаим Фетаи, м-р Зоран Трајчевски, Методи Стоименовски, м-р Борис Арсов и Замир Мехмети, одлучи да се формира Комисија за спроведување на конкурсот за слободни работни места во следниот состав од членовите на Советот:

- Лазо Петрушевски, Претседател на Комисијата за вработување
- Методија Јанчески – член на Комисијата за вработување
- Селвер Ајдини - член на Комисијата за вработување

Предлогот на членот на Советот, Столе Наумов, Комисијата за спроведување на конкурсот за слободни работни места, да брои 5 члена се стави на гласање. „За“ овој предлог гласаа: Столе Наумов, Бранко Радовановиќ, акад. Бојан Шоптрајанов и проф. д-р Томе Груевски, а останатите членови на Совет беа воздржани.

Се задолжи Комисијата за вработување да направи административна селекција на пријавените кандидати и интервју со сите кандидати кои ја поминале административната селекција и да достави предлог до Советот на СРД кој на седница на Совет ќе одлучува за прием на кандидатите предложени од Комисијата.

Се задолжи Секторот за правни работи да подготви Одлука за потреба од распишување Јавен оглас за објавување Конкурс за 8 (осум) слободни работни места во Секторот за истражување и долгорочен развој, Секторот за правни работи, Секторот за технологии и информатика, Секторот за спречување пиратерија и заштита на авторски права и Секретаријатот на Советот.

Се задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, Јавниот оглас за потребите од горенаведените вработувања да ги објави во 2 (два) весника: 1 (еден) весник на македонски јазик и 1 (еден) весник на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот, на товар на Советот за радиодифузија на РМ, како работодавач.

Советот одлучи на следната седница да се направи предлог – одлука за промена во табеларниот преглед во Секторот за европска и меѓународна соработка.

**Точка 2**

Советот ја разгледа Измената на Годишниот план на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-890/1 од 29.02.2012 година.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, ја објасни потребата од Измена на Годишниот план на Советот за 2012 година. Имено се работи за потреба од канцелариски мебел (бири, столици и сл.), за потребите на Советот, за новите канцеларии кои се во фаза на доградба, за новите членови на Совет.

Членот на Совет, Столе Наумов, побара Секторот за правни работи да подготви и достави правно мислење дали може да се измени планот за јавни набавки.

Советот го усвои предложеното Изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-890/1 од 29.02.2012 година.

Советот одлучи, согласно потребите на Советот за радиодифузија на РМ кои произлегоа по донесувањето и усвојувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-890/1 од 29.02.2012 година, а во врска со членот 26 став 3 од Законот за јавните набавки, потребно е постојниот Годишен план за јавни набавки за 2012 година, да се измени и тоа:

Главата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки

1.1. Точката 4 која гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Канцелариски мебел (биро, столици и др.) | | по потреба | Постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас | 500.000,00 |

Се менува на следниот начин, и гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Канцелариски мебел (биро, столици и др.) | | март | Постапка со барање за прибирање понуди без објавување на оглас | 305.000,00 |

За напред предложеното изменување (намалување на средствата во точката 4, од Главата I.) на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година на Советот за радиодифузија на РМ бр.01-890/1 од 29.02.2012 година, средства се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година.

Советот одлучи да се измени Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-890/1 од 29.02.2012 година.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви Пречистен текст од точка 3 на овој заклучок, односно да ги подготви измените на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-890/1 од 29.02.2012 година.

За потребите на Советот за радиодифузија во 2012 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки, да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка: Канцелариски мебел (биро, столици и др.), за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.

Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка, изнесуваат 305.000,00 денари, без вклучен ДДВ.

За реализацијата на договорот за јавна набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Огнен Неделковски- претседател на Комисијата, со заменик Ружица Бошнакоска-Јотевска;
- Борче Маневски - член, со заменик Симона Темелковска и
- Арбен Саити - член, со заменик Арџент Џелили.

**Бр. 02-700/30**
**11.04.2012 година**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РМ**
**Заменик на претседателот,**
**м-р Милаим ФЕТАИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*